ПРОЕКТ:

МОНИТОРИНГ НА ТРОШЕЊАТА ОД БУЏЕТИТЕ И ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ ВО ПРЕДИЗБОРНИОТ И ИЗБОРНИОТ ПЕРИОД

МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

ЗА ПЕРИОД : МАРТ 2016

Поддржано од:

СКОПЈЕ, АПРИЛ 2016

Kingdom of the Netherlands

СОДРЖИНА:

	Резиме	**3**
1.	**ОБСЕ- демократски институции и човекови права (ОДИХР)**	**3**
2.	**Општи наоди**	**4**
3.	**Кореспонденција**	**6**
4.	**Прес-конференција**	**6**
5.	**Промоција на проектни активности**	**6**
6.	**Писмено барање**	**7**
7.	**Мониторинг на буџетските трошења во предизборниот период**	**8**
	7.1 Мониторинг на владините трошења на централно ниво	**8**
	7.2 Мониторинг на владините трошења на локално ниво	**11**
8.	**Анекси**	**13**

РЕЗИМЕ

Во текот на месец март 2016, третиот месец од активниот мониторинг на трошењата на политичките партии, Транспаренси Интернешенел Македонија (ТИ-М) и локалните партнери забележаа зголемена динамика на трошењата на политичките партии. Големите политички партии СДСМ, ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ секојдневно ја спроведуваат својата кампања. Малите политички партии ги зголемија своите активности исто така: ГРОМ, БЕСА, ДПА, ЛЕВИЦА и сл. Во овој извештај ви ги претставуваме активностите што ги забележавме во регионите каде што се врши мониторингот.

ТИ-Македонија запошна кампања „Пријавете трошење на политичките партии во предизборниот период“ на неколку интернет портали (страната на ТИ-М и другите медиуми).

Партиските активисти ги продолжија своите активности низ земјата, продолжувајќи ја практиката на мешање на владините со партиските активности. Бројот на локални партиски штабови е зголемен, како и платената политичка програма што е законски забранета во предизборниот перод.

ТИ Македонија заедно со претставниците на другите граѓански организации вклучени во мониторингот на активности поврзани со изборите, учествуваа на состанокот организиран од канцеларијата на Јавниот Обвинител на Република Македонија, претставувајќи го новоформираниот Комитет за мониторинг на изборните нерегуларности достапни на izbori@jorm.gov.mk.

Кореспонденцијата со локалните и централните власти е интензивирана. 82 писма-БИЈК се испратени кон институциите и повратен одговор е добиен на 34 од нив. Во однос на буџетските расходи, за 35% од вкупниот број на евидентирани расходи, се уште нема јасни и конкретни информации. Само 7% од евидентираните трошоци, со минимални информации, се содржани / планирани во рамките на одредена стратегија на општината, а за 28 % не постојат јасни и сеопфатни информации.

Во овој период одржавме една прес конференција на 16.03.2016 и една изјава за медиумите.

1. ОБСЕ-ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА ДЕМОКРАТСКИ ИНСТИТУЦИИ И ЧОВЕКОВИ ПРАВА (ОДИХР)-МИСИЈА ЗА НАБЉУДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

Канцеларијата на ОБСЕ за демократски институции и човекови права (ОДИХР) денес официјално ја започнува Набљудувачката мисија за избори (НМИ) за предвремените парламентарни избори во Република Макеоднија, закажани за 5 јуни. Воспоставувањето на Мисијата е на покана на државните власти. (Анекс1: фотографија 1).

2. ОПШТИ НАОДИ

2.1 СРЕДБИ СО ГРАЃАНИ

Претставниците на трите најголеми партии (СДСМ, ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ) секојдневно работаат на терен, посетуваат градови и села, имаат средби со граѓаните, партиските членови, симпатизери и поддржувачи. Делегациите се составени од официјални лица на партијата придружувани од Владини претставници. Средбите обично се на отворени, но често и во локалните кафе-барови или штабовите на политичките партии. Партиските челнови, потпретседателите или министрите ги промовираат владините проекти, посетувајќи ги општините, на трибини со граѓаните, главно, нивни членови или поддржувачи.
Важно е да се напомене дека овие активности, кои ги вклучуваат министрите и владините членови, се претставени како партиски активности и се објавуваат во медиумите и на официјалните интернет страни: мешање на активностите на власта со партиски активности.

2.2 МИТИНЗИ И ПРОТЕСТИ

Во месец март забележавме два големи народни собири организирани од СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ во Охрид, по повод Осми март-меѓународниот ден на жената (Анекс 1: фотографија 2).
За овој митинг беше обезбеден транспорт со автобуси за членовите и

поддржувачите на политичките од другите градови на земјата. На митингот на СДСМ беа забележани повеќе од 5000 присутни и над 80 автобуси. Како дел од мониторингот на овј настан нашите набљудувачи забележаа трошења на: рекламен материјал, сцена, озвучување, видо-бим, наем на јавен простор и сл.
На 16-ти март протести беа одржани пред Уставниот суд, организирани од граѓанските организации со поддршка на СДСМ, против Одлуката на Уставниот суд за Законот за помилување. Истовремено , политичката партија ГРОМ, организира контра-протест со поддршка од политичката партија ВМРО-ДПМНЕ, поддржувајќи ја Одлуката на Уставниот суд. На овие настани беа забележани трошења за промотивен материјал (знамиња, беџови), озвучување, тенди, сендвичи и сл.(Анекс 1: Фотографии 3,4 и 5).

2.3 НОВООТВОРЕНИ ЛОКАЛНИ КАНЦЕЛАРИИ (ШТАБОВИ)

Во овој период забележавме неколку новоотворени локални канцеларии (штабови) на политичките партии низ Република Македонија. Штабовите вообичаено се отворени од поголемите политички партии ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ. Имено, ВМРО-ДПМНЕ отвори 190 нови канцеларии, а СДСМ 60, само во 24 општини кои се набљудуваат.

2.4 ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ПАРТИСКИТЕ ПРОГРАМИ

Политичките партии СДСМ и ДУИ неодамна започнаа со претставувањето на Изборните програми, додека ВМРО-ДПМНЕ го претстави „Отчетот“ за нивната работа за последните 10 години. Сите настани се одржаа во изнајмени простории: ДУИ-Дипломатската сала на Скопски саем (Анекс 1: фотографија 6), СДСМ- Домот на културата„Трајко Прокопиев“ во Куманово (Анекс 1: фтографија7) и ВМРО-ДПМНЕ во спортскиот центар „Јане Сандански“ во Скопје. За претставувањето на „Отчетот“ на ВМРО-ДПМНЕ, забележавме трошења за организираниот превоз од партиските членовии поддржувачи од целата земја (повеќе од 70 автобуси).

2.5 ПЛАТЕНА ИНТЕРНЕТ-ПРОМОЦИЈА

Интернет промоцијата на политичките партии продожува. Сметаме дека тоа се случува од две причини: а) Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не ги контролира Интернет медиумите; б) Социјалните мрежи станаа централно место за промоција на партиските активности. Со други зборови, секоја информација поврзана со политичките активности е објавена на социјалните мрежи. Лидери во платениот маркетинг на социјалните мрежи се големите политички партии: ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ (Анекс 1: фотографија 9 и 10).

2.6 АКТИВНОСТИ НА ПОМАЛИТЕ ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ

Помалите политички партии стануваат поактивни. Во овој период забележавме: отворање на штаб на новоотворената политичка партија ЛЕВИЦА во Струмица; неколку активности на политичката партија ГРОМ (протест, хуманитарни активности, давање на подароци по повод Меѓународниот ден на жената –Осми март); БЕСА-Движењето за реформи постојано објавува соопштенија за медиумите, укажувајќи на проблемите на граѓаните и критикувајќи ги големите политички партии за нивните активности.

3. КОРЕСПОНДЕНЦИЈА

Нашите тимови ги следат активностите со писмени барања кон релевантните институции за да обезбедат информации за можни буџетски трошења. Ви ги претставуваме писмата-БИЈК и соодветните одговори во табелата подолу, каде што е даден описот на настанот, дописот-барањето и коментарот, со појаснување на буџетски трошења. Забелешка: Во табелата се писмата од месец март, со пратени 82 барања и одговор на 34 (Анекс 2).

4. ПРЕС-КОНФЕРЕНЦИИ

На 16.03.2016 Транспаренси Интернешенел-Македонија и ЦЕА одржаа прес-конференција претставувајќи ги резултатите од проектот „Мониторинг од трошењата на буџетите и политичките партии во предизборниот и изборниот период“ во просториите на ТИ-Македонија, нагласувајќи ги притоа трошењата на политичките партии и рекламирањето по социјалните мрежи.

5. ПРОМОЦИЈА НА ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ

Во месец март 2016, ТИ-М и ЦЕА започнаа со интернет кампања: „ Пријавете трошење на политичките партии во предизборниот период“ на неколку интернет портали (slobodenpecat.mk, a1on.mk, plusinfo.mk, mkd.mk, portalb.mk, focus.mk, libertas.mk) и Facebook.

6. ПИСМЕНО БАРАЊЕ

На 23.03.2016 ТИ-Македонија испрати писмено барање до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за да ја преиспитаат својата позиција во однос на неможноста да ја следат медиумската промоција на интернет на политичките партии во предизборниот и изборниот период(Анекс 3).

7. МОНИТОРИНГ НА БУЏЕТСКИТЕ ТРОШЕЊА ВО ПРЕДИЗБОРНИОТ И ИЗБОРНИОТ ПЕРИОД

7.1. Централна власт

Мониторинг на индикатори за следењето на буџетските трошења на централно ниво

- ✓ Кумулативната реализација на буџетскиот дефицит до месец февруари 2016 год. изнесува 23,5% (скоро 1/4 од годишниот предвиден износ), што преставува скоро 6,8 п.п. поголема реализација од очекуваната рамномерна реализација (16,66%). Само во месец февруари месечната реализација на буџетскиот дефицит изнесува високи 15%.

- ✓ До месец февруари кумулативната реализација на ставката државни записи изнесува 19,25% од вкупно планираниот годишен буџет, што е речиси 2,5 п.п. повеќе споредено со очекуваната рамномерна реализација од 16,66% за првите два месеци.

- ✓ Капиталните расходи кумулативно до февруари 2016 година имаат реализација од скромни 6,3%, што е далеку (скоро 10 п.п. пониска реализација) под рамномерното месечно реализирање кое изнесува 16,66%.

- ✓ Кумулативната стапка на реализација на расходите за социјална помош до февруари изнесува 13% %, и речиси 3,5 п.п. под претпоставената рамномерна месечна (кумулативна) реализација од 16,66%.

- ✓ Вкупните даноци до месец февруари 2016 година имаат кумулативна реализација од 14,7%, што е за речиси 2 п.п. помалку од рамномерните 16,66% доколку дадената буџетска ставка би се реализирала рамномерно на месечно ниво во текот на годината.

- ✓ Кумулативната реализацијата на приходите од Административни такси и глоби до месец февруари (иако зголемена во однос на јануари) изнесува

12,6%, што преставува за 4 п.п. пониска реализација доколку рамномерно би се реализирал буџетот за оваа ставка секој месец во текот на годината.

Јавни објави на веб страниците на Влада и селектирани буџетски корисници

- ✓ Може да се забележи дека покрај малиот број на објави кај буџетските корисници и содржината на објавите е со скромни квантитативни и квалитативни податоци–односно кај сите мониторирани институции (кај тие што воопшто имаат било каква објава) процентот на објавени информации е многу мал.

- ✓ Само 26% од вкупните објави на Влада на РМ (која има најмногу - 65 објави) содржат финансиски податоци за направените/планираните инвестиции или за објавите во кои се најавува нова инвестиција.
- ✓ Само 9% од вкупните објави на сите буџетски корисници содржат аналитичко елаборирање на планираните/ реализираните активности.

- ✓ Скромен дел од објавите на сите мониторирани буџетски корисници (околу 11%) вклучуваат информации за изворите на средства, како и програмите/стратегиите/плановите врз основа на кои го најавуваат или реализираат објавениот проект.



- ✓ Само 4 објави на Влада на РМ и 2 објави од Министерството за финансии содржат било каква аналитика на објавите, додека останатите буџетски корисници во своите објави немаат суштински податоци за најавените активности.

- ✓ Најголем дел од објавите на сите мониторирани веб страници се однесуваат на посети, средби и конференции на државните претставници кои ги имале во текот на извештајниот период.

- ✓ Од мониторингот на структурата-таргетот на објавите на клучните буџетски корисници се гледа дека доминантно таргетирани биле: младите и невработените.

- ✓ Министерство за транспорт и врски или Министерството за економија, немаат никакви објави. Додека Јавното Претпријатие за државни патишта како и Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство има само по една објава која не содржи финансиски податоци и извор на средства.

Искуства од барања за пристап до информации од јавен карактер-БПИЈК

- ✓ Во рамките на мониторинг периодот од 01.12.2015-30.03.2016 до централната власт беа поднесени 21 барања за пристап до информации од јавен карактер за 17 евидентирани трошења[1]. Од истите: во утврдениот законски рок од 30 дена навремено се добиени одговори на вкупно 12 барања, за 2 барања е добиен одговор по утврдениот законски рок, за 5 барања се чека одговор во рамки на предвиден законски рок, додека за 2 барања воопшто не е добиен одговор.

- ✓ Едно од барањата за кои што не е добиен одговор беше поднесено до Министерство за финансии во врска со проектот " Купи куќа за млади". По претходна проверка на официјалните веб страници на Министерство за финансии и на Влада на РМ проектот не беа пронајдени информации и податоци за истиот во соодветна стратегија, програма на владата односно министерството, како и буџетска програма. Ова беше причината поради која беше пристапено со официјално БПИЈК, на кое што и по поминати 2 месеци од законскиот рок се уште не е добиен одговор.

[1] За дел од трошењата се праќани по 2 барања за пристап до информации од јавен карактер бидејќи од објавата не може да се утврди имателот на информацијата

- ✓ Од вкупно добиени 14 одговори (12 во рамки на утврден законски рок и 2 со задоцнување) на БПИЈК: на 3 барања е добиен конкретен целосен одговор; на 2 барања е добиен конкретен одговор само на дел од прашањата; додека за 3 барања е добиен неконкретен нејасен и делумен одговор. За 6 барања кои беа пратени до Влада на РМ како имател на информација, добиен е одговор за препраќање на барањето до други државни институции.

- ✓ За вкупно 8 објави кои се однесуваа на трошења од централниот буџет беа добиени одговори на БПЈК. За сите 8 трошења беа побарани информации за тоа дали трошењата се предвидени во некоја стратегија, согласно која програма се реализираат и дали се предвидени во буџетска програма. Од одговорите беше утврдено дека од овие 8 трошења - 5 се планирани во сите 3 документи, додека за 3 не е добиен конкретен одговор или е добиен делумен одговор.

7.2 Мониторинг на трошењето на ниво на локална власт

Во овој извештаен период се евидентирани кумулативно сите забележани трошења на локално ниво, од почетокот на мониторингот 01.01.2016.

- ✓ Од 01.01.2016-31.03.2016 се забележани вкупно 243 капитални и оперативни буџетски трошења во 24-те општини, по кои е постапено со дополнително прибирање на информации/податоци на кои се однесуваат истите.

- ✓ Од расположливите податоци добиени од локалната мониторинг група, се утврдува дека најголем број на капитални/оперативни расходи на локално ниво биле идентификувани во Охрид, Струмица и Куманово, додека значително малку трошења биле идентификувани во Македонски Брод, Чашка и Карбинци.

- ✓ Во однос на главната поделба на трошењата на оперативни и капитални - скоро три четвртини од регистрираните трошења се однесуваат на капитални вложувања (73% капитални и 27% оперативни трошења).

✓ Во однос на областите на вложувања како главни се издвојуваат: реновирање/реконструкција на градинки училишта и др. образовни објекти, реконструкција на патишта и улици и реконструкција на водоводни и канализациони мрежи.

✓ Од вкупно 243 евидентирани трошења во периодот на мониторинг, 52 се однесуваат на реконструкција на водоводни и канализациони мрежи, 94 на реконструкција на патишта и улици, 23 на реновирање/реконструкција на училишта, градинки, социјални домови и сл., и 78 трошења кои не можат да се сместат во горенаведените категории.

✓ **Од вкупно 243 евидентирани трошења, за 158 од нив има целосни или делумни податоци (односно за околу 35% од вкупните трошења, мониторите се уште не се обезбедиле јасни и конкретни информации и се уште се чека одговор на БПИЈК).**



✓ **Само 7% од евидентираните трошења за кои има барем минимални податоци[2] се предвидени во одредена стратегија на односната општина, 51% од трошењата се предвидени во некоја од програмите на општината, 51% се предвидени во соодветна буџетска програма, додека 34% од трошењата се предвидени/направени со одлука на совет и исто толку се предвидени во план.**

✓ **Само 3% од трошењата се предвидени/содржани во сите 5 документи односно во стратегија, програма, буџетска програма, одлука на совет и**

[2] Вкупно за 158 евидентирани трошења.

план. 11% од трошењата се содржани во 4 документи, 23% се предвидени/содржани во 3 документи ,16% во 2 документи и 19% во само еден документ. За 28% од трошењата нема јасни и целосни податоци

8. АНЕКСИ

1. **ФОТОГРАФИИ**
2. **ТАБЕЛА ЗА КОРЕСПОНДЕНЦИЈА**
3. **ПИСМЕНИ БАРАЊА**

АНЕКС 1: ФОТОГРАФИИ

Фотографија 1

Фотографија 2

Фотографија 3

Фотографија 4

Фотографија 5

Фотографија 6

Фотографија 7

Фотографија 8



Фотографија 9



Фотографија 10

Анекс 2: ТАБЕЛА ЗА КОРЕСПОНДЕНЦИЈА

Настан	Писмо наш бр.	Повратно писмо бр.	Коментар	Забелешка
Објава на официјална интернет страна на Влада на РМ „Од февруари повисоки плати за над 500 здравствени работници“-24.12.2015	0302-320-2-30.12.2015	47-204/3-11 .02.2016	Писмотот е препратено до Министерството за здравство	Повратно писмо од МЗ бр.11-1338/2-26.02.2016 Повисоките плати се во согласност со Законот за работни односи и постојните колективни договори, без буџетска програма за плати, а фискалните импликации се прецизираат понатаму.
Објава на официјална интернет страна на Влада на РМ „Даночни ослободувања за развој на здравствен туризам“-24.12.2015	0302-320-1-30.12.2016	47-205/3-11 .02.2016	Писмотот е препратено до Министерството за здравство	
Објава на официјална интернет страна на Влада на РМ „Македонија ќе добие центар за трасншплантација“-08.01.2016	0302-353-2 2.02.2016	47-823/3-11 .02.2016	Писмотот е препратено до Министерството за здравство	
Објава на официјална страна на општина Гевгелија	0302-402-2-0	25-302/2-24.0	Проектот е реализиран врз основа на Договор за	

„Пуштено во употреба реконструираното училиште во гевгелискотот место КОванец“-28.01.2016	1.02.2016	2.2016	реконструкцијат на ОУ„Ристо Шуклев“ во с.КОванец со градежната фирма „Стема ДООЕЛ“ од Струмица според ЈН на оглас бр.31/2015 со вредност на Договорот од 700656,86МКД.Ова е реализирано според Програмата на уредување на градежно земјиште на општината во потпрограма ДА-Месна самоуправна изградба и реконструкција на објектот , усвоена од Советот на ОГ согласно ПЈН.Исплаќањето е преку трезор, програмас ЕА,потпрограма ЕАО-Капитални трошоци на општинатаЧ48-Капитални расходи	
Објава на регионална ТВ Канал Плус „ Градежна офанзива во општина Карбинци“ во вредност од 950.000,00ЕУР	0302/445-2-10.02.2016	10-229/2-23.02.2016	Општина Карбинци нема реализирано проект од ваков тип и не располага со веродостојноста на уредувачката политика на ТВ Канал Плус	
Објана на официјална страна на Влада на РМ „ Ристовски: И годинава ќе се реновираат и градат студентски домови“-29.01.2016	0302-479-18.02.2016	03-4550-25.02.2016	Реновирањето на студентските домови е согласно Стратешкиот план на МОН и Програмата за работа на Владата на РМ со цел унапредување на стандардите за достоинствен живот и услови з аработа на студентските и ученичките домови, според Програмата за реконструкција на студентските домови донесена од бушетот на РМ, програма Т,потпрограма ТК, а доколку вредноста на	

			проектираните активности е повиоска, се обезбедува согласност од ВРМ врз основа на мислење од Министерството за финансии.	
БИЈК од општина Гевгелија-Квартален извешта за четвртиот квартал од 2015 и број на вработени во општината	0302-351-6-2 2.01.2016	25-189/2-24.0 2.2016	Доставен квартаел извештај за четвртиот квартал од 2015. Бројот на вработени во општинската администрација е 61, а 19 во ТППЕ, нема вработувања на определно време т.е со договор на дело или привремени вработувања.	
Објана на официјалната страна на Влада на РМ „Груевски: ИТ зоните ќе отворат неколку илјади работни места“-28.12.2015	0302-352-22. 01.2016	47-825/3-11.0 2.2016	Генералниот секретаријат на Влада на РМ го препраќа писмото повикувајќи се на член 18, став 1 од Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер до можниот имател на информацијата Дирекција за технолошки индустриски развојни зони со допис бр.03-345/2-23.02.2016, која нам ни ги препрати двата дописа повикувајќи се на истиот чел 18, ставка 1 од Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер	15-2230/1-14.03.201 6 Министерство за Економија:Измена или дополнување на текстот з аЗаконот за ТИРЗ која е поврзана со унапредување на деловни потфати, нови инвестиции, зголемување на вработеноста, подобруивање на бизнис климата и др.предвидена со економската програма за работа.-Не станува збор за отварање на ИТ зони,туку во членот 7 од постојниот закон е избришан делот кој генерално се оснесуваше на дејности од областа на на ИТ, а овие

				дејности односно општите услови за дејности од областа на ИТ се подетално утврдени во 11-а и 11б.Буџетски средства од ДТИРЗ за 2017 без направени фискални импликации.
Објава на официјалната страна на општина Гевгелија „Ветеринарната станица „ Анри Вет“ ќе заловува кучиња бездомници во Гевгелија“11.1.2016	0302-371-25.01.2016	25-266/6-25.02.2016	Активноста е според надлежностите на ЈПКД Комуналец Гевгелија.Набавката е според планот за јавни набавки на ЈПДК Гевгелија, потпишан на 21.12.2015 со вредност од 305,00,00 МКД+ДДВ а исплатата е преку сопствената сметка наЈПДК Комуналец.	
Објава на локална ТВ Канал 8 „ КЈП Водовод Кочани ќе потроши 740,000,00 МКД за ангажирање на агенција за привремени вработувања“	0302-488-22.02.2016	01-2/1-26.02.2016	ЈПК Комуналец Кочани нема стратегија, ниту план за привремени вработувања, туку согласно тековните потреби изготвува план, согласно тендер на ЈН со одлука на Управен одбор на ЈКП.	
Објава на официјалната страна на општина Гевгелија„Започна изградбата на втората фаза на одводниот канал Рауљ“-20.01.2016	0302-370-25.01.2016	25-266/7-26.02.2016	Изградбата е дел од проектот „Заеднички активности за управување со атмосферските води во прекуграничниот регион“-финансирана од ИПА-Програмата за прекугранична соработка помеѓу Македонија и Грција 2007-2013. Проектот е реализиран преку партнерство помеѓу општина Гевгелија,општинското	

			претпријатие за водовод и канализација и општина Пеонија, со набавка согласносно европскиот закон ПРАГ, со средства од донаторот, со одлука на Совет на општина Гевгелија и Договор со Изведувачот.	
Објава на официјалната страна на општина Гевгелија„Изградба на атмосферска канализација“-11.01.2016	0302-372-25.01.2016	25-266/8-25.02.2016	Изградбата е реализирана од ЈПДК Комуналец Гевгелија, согласно своите надлежности и програма за работа	
Објава на официјалната страна на ВМРО-ДПМНЕ„Македонија за младите,младите за Македонија“-трибина во Прилеп во салата Марко цепенко-29.01.2016	0302-406-302.02.2016	Електронски одговор со наведени документи од лице за контакт-Каролина Мицевска	Доставени документи: Барање за користење на голема сала за потребите на УМС во Прилеп од страна на УМС на ВМРО-ДПМНЕ Од Прилеп со бр.0302/10/1-21.01.2016;Одговор од страна на одговорно лице од салата„Марко Цепенков“бр.03-10/2-21.01.2016;Договор помеѓу договорените страни бр.03-10/3-22.01.2016; Фактура бр.8-17.2.2016 со износ од 15.000 МКД(сеуште нереализирана).	
Објава на официјалната страница на општина Гази Баба-03.02.2016-„Реконструкција и изведба на пешачки патеки“	0302-426-08.02.2016	12-699/2-02.02.2016	Доставени документи: Програма зау рбано планирање„Ф“ на подрачјето на општина Гази Баба за 2015 во која е предвидено трошење, финансиската реализација е направена согласно наведената буџетска програма,план за јавни набавки и извод од исплатата преку трезор.	
ЕСЈН-25.02.2016-„Набавка на услуги за привремено	0302-429-08.	04/1104/02-2	Општина Кавадарци во Актот за	

вработување“.	02.2016	5.02.2016	систематизација на работните места не го предвува трошењето, туку ангажирањето на работници е заради зголемен обем на работа кој произлегува од надлежностите на локалната самоуправа.Дополнително да се прецизира за каква одлука на совет бараме.	
Објава на официјалната страна на општина Прилеп„Исчистен каналот на Дабничка река“12.01.2016	0302-428-29. 01.2016	18-10/3-01.03 .2016	Проектот се изведува согласно програмата за уредување на градежно земјиште 2015, во буџетска програма Ј80-чистење на речни корита и канали, со одлука од Градоначалник,а во прилог се доставени Договорот со вредност од 1.109.200,00 со вклучен ДДВ,исплататате се врши преку трезор(прилог).	
Објава на официјалната страна на општина Струмица, „Се тампонираат улиците во с.Попчево“-13.01.2016		32-535/2-25.0 2.2016	Проектот се изведува според Програмата за уредување на земјиште во подрачјето на општина Струмица за 2015, во Договор со изведувачот„Универзал Градба“дооел Струмица во вредност од 201.541,00МКД со вклучен ДДВ, пресметана врз основа на единечните цели даџдени во предмер пресметката на Рамковната спогоннжба бр.03-4175/1-11.05.2015, по Отворената постапка бр./01/2015 и Одлука за избор: 15-90/34-06.04.2015.	
Официјална страна на Влада на РМ„Од идната година поголема помош за заштита	0302-320-53 0.12.2015	47-206/3-11.0 2.2016	Бараната информација е содржана во програмата за субвенционирање на	

од енергетска сиромаштија“-24.12.2015			потрошувачката на енергија за 2016 и истата е јавно достапен документ објавен во „Службен весник на Република Македонија бр.2/16.	
Објава на страната на Влада на РМ„Груевски: Марина ќе се гради, веќе е почната процедурата“-09.01.2016	0302-353-22.01.2016	47-826-2-11.02.2016	Барањето е препратено до МТВ и општина Охрид како потенцијални иматели на бараните информации согласно челн 18, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер(„Службен весник на РМ бр.13/06, 86/08, 6/10, 42/14 и 148/15).	
Објава на интернет портал Лисица „Сабота, 23 јануари трибина на УМС на ВМРО-ДПМНЕ ОК Велес“-22.01.2016	0302-406-1-02.02.2016	25-878/2-02.03.2016	Поднесено е барање(03-346/1-20.01.2016) за користење на салата за која е издадено и одобрение(03-346/2-20.01.2016 за користење без надоместок	
Објава на веб страната на општина Струмица„Комуналец ги раззеленува јавните површини во градот“-26.02.2016	0302-528-01.03.2016			
Објава на Facebook страна на општина Босилово „Влечење на дополнителна линија на вод.приклучоци во с. Еднокукево“	0302-531-2-01.03.2016/ 0302-545-2-04.03.2016			
Објава на Facebook страна на општина Босилово„Копање на нови водовони зафати во с.Дрвош“-26.02.2016	0302-531-1-01.03.2016/544/1-04.03.2016			
Објава на веб страната на општина Струмица„Ќе се	0302-530-01.	03-230/2-03.0	Одлуката за дополнување на Одлука за проширување на	

проширува зонскотот паркирање на улиците каде што има голем сообраќаен метеж“-25.02.2016	03.2016	3.2016	зонско паркирање бр.08-5020/1-15.06.2016, според Годишниот план за јавни наваки и програмата за работа за 2016 на ЈП Паркиралишта Струмица	
Објава на веб страната на општина Струмица„Паркиралишта Струмица ќе отпочне со уредување на паркингот позади Јавнотот обвинителство“	0302-489-22. 02.2016	02-233/2-03.0 3.2013	Одлука за дополнување на Одлуката за определување на зонскотот паркирање на подрачјето на град Струмица бр.08-5020/1-15.06.2015	
Објава на веб страната на општина Струмица„Се одржа обука на дефектолози и логопеди со финансиска поддршка на општина Струмица“-26.02.2016	0302-529-01. 03.2016			
Барање за доставување на квартални извештаи за четвртиот квартал од 2015	0302-351-14- 21.01.2016	11-11/2-04.03 .2016	Кварталните извештаи сеуште не се поминати на седница на совет, во општина Прилеп има 25 привремено вработени лица и 22 вработени со договор на дело	
Објава на веб страната на општина Струмица„ Ставен е нов покрив на опожарениот дом на култура во с.Вељуса“-28.01.2016	0302-402-30 1.02.2016	32-702/2-04.0 3.2016	Според одлука за јавна набавка бр.15-8922/1-01.12.2015-јавна набавка со преговарање без претходно објавување на оглас	
		03-40/10-03.0 3.2016	На 28.01.2016 Советото на општина Новаци ја одржа 45 седница и сите документи се објавени во Службен Весник на општина Новаци бр.01/2016 и биџетот исто така	
Објава на веб страната на општина Струмица„Паркиралишта Струмица ќе го уредуваат	0302-555-08. 03.2016	03-251/2-22.0 3.2016	Проектот е според Програмата за работа за 2016 на ЈП Паркиралишта Струмица,	

просторот позади зградите на ул.„Ленинова““?-04.03.2016			според Годишен план за јавни набавки, со одлука за дополнување на Одлуката за определување на зоснко паркирање на подрчјето на град Струмица бр.08-5020/1-15.06.2015 со Договор бр.03-2371-04.03.2016-не се буџетски корисници и плаќањето не е преку трезор.	
Објава на веб страната на општина Струмица„Асфалтирани се 5 улици во с.Муртино“-04.03.2016	0302-554-10 8.03.2016			
Објава на Facebook страна на општина Велес„Нов проект з ареновирање на CCOS“Коле Неделковски“-04.03.2016	0302-556-08. 03.2016			
Објава на официјалната страна на општина Центар„Зградата на булевар„Илинден“83 ќе добие нова енергетска фасада“-22.02.2016	0302-553-1-0 8.03.2016	11-1522/1-14. 03.2013/11-1 522/3-18.03.2 016	Трошењето е направено врз усвоената програма на општина Центар: Програма за комунални дејности 2016-потпрограма ЈЛО Други комунални услуги-Капитални расходи, ставка 481130-Реконструкција на станбени објекти, со финансиска реализација согласно програмата и планот за јавни набавки за 2015,со одлука на Совет од 09.03.2015 и изгласана програма на 17.12.2015-не е извршена исплата, реалзиацијата е на терен, по потпишувањето на градежните книги ќе се изгови ситуација за плаќање	

Објава на официјалната страна на општина Центар„Општина Центар ја реконструира и фасадата на ул.„Владимир Полежановски“-28.02.2016	0302-553-2-08.03.2016	11-1523/1-14.03.2016-11523/3-18.03.2016	Трошењето е направено врз усвоената програма на општина Центар: Програма за комунални дејности 2016-потпрограма ЈЛО Други комунални услуги-Капитални расходи, ставка 481130-Реконструкција на станбени објекти, со финансиска реализација согласно програмата и планот за јавни набавки за 2015,со одлука на Совет од 09.03.2015 и изгласана програма на 17.12.2015-не е извршена исплата, реалзиацијата е на терен, по потпишувањето на градежните книги ќе се изгови ситуација за плаќање	
Објава на официјалната страна на општина Центар„Нов сквер на ул.Пиринска“-01.03.2016	0302-553-3-08.03.2016	11-1524/1-14.03.2016	Проектот е врз основа на усвоена програна на Општина Центар за 2015Ч„Програна за урбано планирање„Ф“ за 2015-Подпрограма за уредување на градежно земјиште “Фа“-согласно„ВТОРА ИЗМЕНА НА ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ЗА 2015 ГОДИНА НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ“-без одлука на Совет бидејќи е според Програма “Ф“ која е одобрена од Советот-без извршена исплата (надзорен орган треба да потпише градежни книги за да се изготви ситуација“ со Договор бр.09-4188/14 за ЌПартерно уредување и реконструкција на патер на локации дел2-партерно уредување на пиацета на спој	

			на бул.Климент Охридски со ул.Пиринска од 20.10.2015 во вредност од 4.620.320,68МКД	
Објава на официјалната страна на општина Гевгелија“Детските градинки со нови фасади и покриви“-04.03.2016	0302-554-2-08.03.2016			
Објава на официјалната страна на Бирото за јавни набавки„Уредување на споменикот на природата Белешничка река за развој на еко-туризмот , оптштина Макеоднски Брод втора фаза –уредување на пештерите Голубарница и Момичек„-03.02.2016	0302-436-08.02.2016	15-206-3-07.03.2016	Општина Македонски Брод нема стратегија.Трошењата на средства за овој проект се од Програмата за развој на туризмот во делот кој се однесува за изработка на проекти з аразвој на туристички локалитети во рурални средини.Договорот е потпишан со Министерствоитот за локална самоуправа-Биро за регионален развој согласно Одлука на Влада бр.42-3295/1-22.4.2015 во износ од 1 786 284 ,00МКД ,со одлука на Совет на општината за сопствено учество.	
Објава на официјалната страна на Бирото за јавни набавки„Проширување на постоечкиот софтверски систем за финансиски менаџмент (ФМС) со модел на автоматско вчитување и книжење на изводи“ -04.02.2016	0302-436-2-08.02.2016	15-206-4-07.03.2016	Проектот се реализира врз основа на План за јавни набавки, сеуште нереализирана исплата преку трезор, Договор во вредност од 85239,00МКД, програма ЕА-капитални трошоци на општината и ставка 485-вложување во нефинансиски средства	
Објава на ТВ Ирис„Почна изградбата на патото Врсаково-Трогерци“-03.03.2016	0302-558-09.03.2016	12-2405/2-17.02.2016	Писмото е препратено до Источниот Плански регион како можен имател на таа информација.	

Објава во електронски портал е-Магазин "Исар вработува 59 работници"-03.03.2016	0302-557-09.03.2016			
Објава на регионална ТВ Канал Плус„Градежна офанзива во општина Карбинци„-11.02.2016	0302-446-2-10.02.2016 до АФПРЗ	04-1549/4-04.03.2016	Програма за финансиска поддршка на рурален развој за 2015-Јавен повик 04/2015-Барање (арх.бр.16-3950/1-одобрено решение бр.163950-2-17.08.2015) за финансиска поддршка мерка 322-Обнова з аразвој на селата, 322.2 Инвестиции за изградба и/или реконструкција на селски улици(вклучително и атмосферска канализација и пешачки елементи) во должина од 1км.АФПЗР донесе Решение за одобрување на барањето за финансиска поддршка со бр.16-3950/4-11.11.2015 и склучи Договор за финансиска поддршка со бр.16-3950/5-11.11.2015 во износ од 11.750.845,00МКД.Досега нема исплата.	
Објава во медоум„ 8 луѓе од општина Струмица денонoќно работата во штабот на СДСМ"	0302-463-15.02.2016	12-856/2-29.02.2016-ЈПДК Комуналец	Оглас за вработување на 90 лица во ЈПДК Комуналец нема..	
Објава на вести на Канал Плус телевизија од Кочани„Зголемен буџет на болниците во Кочани за 5 000 000,00МКД-19.01.2016	0302-401-01.02.2016	11-1035/5-08.02.2016 МЗ 08-2089/3-25.02.2016-ФЗОМ	МЗ го препрати писмотот до ФЗОМ и Општа болница Кочани Трошењата се врз основа на годишен финасиски план за приходи и расходи донесен од страна на Управен одбор од ЈЗУ Кочани, врз основа на претходно усвоен буџет од страна на Фондот со висина од	

			112.900,00МКД. Единствена финансиска реализација се плати з ајануари 2016, за кои не располагаат со информации,а се исплатени до 11.02.2016.	
Објава на веб страна на Влада на РМ„Нов објект на Драмски тетатр и 6премиери во јубилејната година“-29.03.2016	0302-591-16.03.2016			
Објава на веб страна на Влада на РМ„Реконструкција на одделот за хидротерапија и физикална медицина на ГОБ“8ми Септември“-25.02.2016	0302-591-2-16.03.2016-Влада на РМ 0302-594-16.03.2016-МЗ			
Објава на страната на општина Струмица„Детска радост“ги подобрува условите за престој на децата“-09.03.2016	0303-589-16.03.2016			
Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер од “ИСАР-Штип“се бара: - Годишен план за јавни набавки за 2016 година за ЈП-комунално производствени и услужни работи“ИСАР Штип“ -Листа на спроведени и распишани јавни набавки од почетокот на 2016, заклучно со прием на барањето за пристап до информации од				

јавен карактер				
Објава на официјалната веб страна на Министерството за образование„450 милиони денари за изградба и реконструкција на училишта во 2016“	0302-595-16.03.2016			
Објава на ТВ Кочани„Изградба на брана Речани-Активности з апробивање и асфалтирање на пристапниот пат“-09.03.2016	0302-593-16.03.2016			
Објава на страната на општина Струмица„Детска радост“ги подобрува условите и во Клоновите 3 и 6 за “-10.03.2016	0302-590-1-16.03.2016			
Објава на страната на општина Струмица„Општина Струмица финансиски го поддржа учествотот на ФЛ„Академија Пандев“на турнир во Италија„-11.03.2016	0302-590-2-16.03.2016			
Објава на официјална страна на општина Штип и ТВ Стар „Продожува реконсрукцијата на вториот дел од ул.Вардарска(средства од ОПштина Штип„...“-09.03.2016	0302-592-16.03.2016			
Објава на веб страна на Влада на РМ„И годинава ќе се реновираат и градат студентски домови“-29.01.2016	0302-481-18.02.2016	47-1874/3-04.03.2016	Препратено до МОН	
Објава на веб страна на РМ„Прилеп:Годинава ќе бидат изградени 10-те железничи станици“	0302-480-18.02.2016	47-1876-2-09.03.2016	Препратено до МТВ	
БИЈК-Квартални извештаи за	0302-351-18-	11-155/12-15.	Квартален извештај ИВ за	

четвртиот квартал од 2105	22.01.2018	03.2016	извршување на буџетот на општина Гостивар, Одлука од Совет на општина на 29та седница од 15.03.2016.	
Објава на Facebook страна на општина Босилово„Изградба на улица во с.Иловица„	0302-460-2-15.02.2016	14-592/2-15.03.2016	Проект за изградба на велосипедска патека за пристап на природна знаменитост„Асанова Чешма„, за кој општината аплицираше во АФПЗРР за мерка 323 со претходно донесена Одлука за утврдување на приоритет за проект од страна на Совет на општина Босилово.	
Објава на регионална ТВ КаналПлус„Ќе се гради брана на Козјачка река(инвестиција 10 000 000)		02-2120/4-15.03.2016	Проект предвиден во Стратешки план за инвестирање во водостопанската инфраструктура 2015-2015, план усвоен од Влада на РМ-основа за изгрдба на нови капитални проекти и санациони работи и реконструкции,доградби и проширувања во постојните системи.Финансиските средства се предвидени од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за периодот од 2016-2020.	
Објава на официјалната страна на општина Велес„Чиста вода за пиење во населба Трпезица и селата Чалошево и Дурутовец“-15.02.2016	0302-468-16.02.2016	25-1201/2-18.03.2016	Проектот се реал.со средства од Мерката 321-Подобрување на квалитетот на живот во рур.средини-Програма за финанс.поддр=ка на рур.разв.за 2015-Одлука од Совет на општина Велес з аутврдување на приоритет„Водоснабдување ма с.Чалошево од градскиот	

			водоснабдителен систем“и “Одлука за давање согласност за намена на инвестиција и за апликација на проект„Водоснабдување на с.Чалошево од градскиот водоснабдителен систем“ со поднесено барање бр.24-3730/2-15.06.2016 до АФПЗРР0-привремено решение бр.16-3931/5-12.08.2016 и Решение за одобрување на барањата за финансиска поддршка од 05.02.2016 во износ од 11.988.849,99МКД.Проектот е предвиден во Буџетска програма на ЛЕР подпрограма ГА 2016,Расходно конто 48720-Изградба на капацитети за водоснабдување	
Објава на официјална страна на општина Велес„Нова урбана опрема на патеките на Велешко езеро“-11.02.2016	0302-458-1-15.02.2016	25-1201/2-18.03.2016	Проектот се реализира со средства од Мерката 323-Програма за финансиска поддршка на руралниот развој за 2015-Одлука на општина Велес за утврдување на приоритет„Поставување на урбана опрема на дел од пешачка патека на езеро Младост“и Одлука за давање согласност за намена на инвестицијата и за апликација на проектот со поднесено барање бр.24-3525/2-02.06.2016 до АФПЗРР со добиено Решение во износ од 4.933.255,00МКД.Проектот е предвиден во Буџетската програма на ЛЕР-подпрограма	

			ГА 2016-Расходно конто 482920 за изградба на др.објекти-исплатата не е извршена поради траење на изградбата.	
Објава на официјална страна на општина Велес„ Продолжува уредувањето на улиците во с.Иванковци“-09.02.2016	0302-458-2-15.02.2016	25-1201/2-18.03.2016	Проектот се реализира со средства од Мерката 322-Обнова и развој на селата-Програма за финансиска поддршка на руралниот развој за 2015-Одлука на општина Велес за утврдување на приоритет„Изградба на улици во с.Иванковци“и Одлука за давање согласност за намена на инвестицијата и за апликација на проектот со поднесено барање бр.24-3526/2-02.06.2016 до АФПЗРР со добиено привремено Решение бр.16-3779/4-12.08.2016 и Решение за одобрување на барање за финансиска поддршка од 27.12.2015 со износ од 4.151.831,00МКД. .Проектот е предвиден во Буџетската програма на ЛЕР-подпрограма ГА 2016-Расходно конто 482120 за изградба на улици, патишта и автопати-исплатата не е извршена поради траење на изградбата.	
Официјална страна на општина Прилеп„Нов покрив во подрачнотот училиште во	0302-652-1-28.03.2016			

Старо Лагово“-09.02.2016				
Официјална страна на општина Прилеп„Меѓународен карневал „Прочка 2016“ оваа година одбележува 15 години од своето постоење““-09.03.2016	0302-652-2-2 8.03.2016			
Врз основа на објава на локални медиуми„населба Точила 2 во Прилеп добива нов парк“-05.03.2016	0302-652-3-2 8.03.2016			
Објава на електронскиот систем за јавни набавки-ОГЛАС ЗА БАРАЊЕ НА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ (бр.на оглас:16/2016) на Ј.К.П „Водовод и канализација“-Прилеп-„Набавка на плика(коверти) за автоматско ковертирање-пакување“-22.0 2.2016	0302-653-28. 03.2016	03-101/2-30.0 3.2016	Набавката на коверти се врши согласно финансискиот план за работењето на ЈКП„Водовод и канализација“-Прилеп за 2016, трошењето е согласно усвоената програма за работа и развој со инвестициони вложувања во 2016, усвоена со одлука на Совет на општина Прилеп, набавка предвидена во конто 401, финансиската реализација е направена согласно Годишниот план за јавни набавки.	
Објава на локални медиуми„Пречистителната станица во Прилеп е еден од најголемите инфраструктурни зафати“-16.03.2016	0302-652-4/2 8.03.2016			
Објава на веб страна на општина Гевгелија„За подобра патна инфраструктура општина Гевгелија оддели над 7 милиони денари“-24.03.2016	0302-648-28. 03.2016			
БИЈК од Општина Куманово-Бадников оган	0302-515-26. 02.2016	Примено наш	Барање од СДСМ бр.02/10-04.01.2016-Согласност за славење на Бадник на	

		бр.0302-642-1-1-25.03.2016	Градскиот плоштад во време од 21:00-22:30, Согласност за палење на оган и Согласност за поставување на бина Одобрување од Општина Куманово бр.20-20/2-05.01.2016-по предметно барање со уплатенакомунална такса во износ од 1500,00МКД за користење на јавна површина и користење на прометна површина од износ од 500,00МКД	
Објава на веб страна на општина Струмица„Да и девојките играат фудбал“-03.02.2016	0302-435-10 8.02.2016	32-871/2-16.0 3.2016	Одлука на Совет на општина Струмица -29.12.2016-Програма за активностите на Општина Струмица во областа на спорт и млади во 2016-Проект од ЗФК Тиверија со барање на финансии од општина Струмица бр.03-02/11-27.01.2016 и Решение за одобрување на средства(50.000,00МКД)05-614/2-28.01.2016,средства предвидени од буџетот.	
Објава на официјалната страна на општина Прилеп-26.01.2016-„Финансиска поддршка за оштетени фамилии“	0302-434-3-0 8.02.2016	18-15/4-17.02 .2016	Лицата за контакт од Општината испратија известување дека им требаат дополнителни 10 дена за повратна информација,поради зголемен бр.на предмети.	Нема одлука од Совет-Записник од Комисија за елементарни непогоди, исплата преку трезор-60.000,00МКД
Објава на официјална веб страна на Влада на РМ „Прилеп: Годинава ќе бидат	0302-478-18. 02.2016	32-2894/2-28. 03.2016	МТВ предвидува средства од буџетот на РМ за 2016(1.952.355,55ЕУР) -85% се	

изградени 10-те железнички станици“-02.02.2016			грант средства од ИПА(1.659.500,00ЕУР) и буџетски средства во износ од 15%(292.858,03ЕУР) според буџетска програма М со чија имплементација ќе се рехаб.,надградат и реконструираат 10 поголеми железнички станици на Коридорот 10 и кракод Д, велес, Прилеп,Битола,Богомила,Гевгелија,Чашка,Табановце, Демир Капија, Градско и Неготино-Вардар.	
Објава на официјална веб страна на општина гевгелија„Продолжување ена изградба на патото Серменин-Негорци„-12.02.2016	0302-461-15.02.2016		Договор помеѓу Општина Гевгелија (03-3112/1-27.11.2015) и ДПГИ„Мак Инжинеринг“(бр.307-97-27.11.2015).	
Објава на локална телевизија ТВ Стар„Надзорни камери во ЈП ИСАР“-21.03.2016	0302-666-31.03.2016			

Анекс 3: ПИСМЕНО БАРАЊЕ

До Агенција за аудио и
аудио-визуелни медиумски
услуги на РМ
Совет на Агенцијата

ПРЕДМЕТ: Барање

Почитувани,

Се обраќаме до вас по повод објавувањето на Ставот на Агенцијата за обврската да врши надзор врз изборното медиумско претставување на интернет порталите, според кој што Агенцијата нема да врши таков надзор поради тоа што не постојат предуслови за тоа. Понатаму во Ставот се наведува дека поимот „интернет портали“ не е дефиниран со Изборниот законик, ниту со друг закон, не постои регистар на интернет портали, па оттука „некои од субјектите нема да можат да бидат опфатени со мониторингот на Агенцијата, иако имаат исти суштински карактеристики како субјектите кои би се нашле во примерокот,“ а на таков начин нема да се обезбеди праведност и правичност во мониторингот. Се

додева и дека досегашната работа на Агенцијата никогаш не била критикувана во извештаите на ОБСЕ/ОДИХР од набљудувањето на изборите.

Транспаренси Интернешнел Македонија смета дека вршењето на мониторинг врз изборното медиумско претставување на интернет порталите е од суштинска важност за обезбедување на услови за балансирано известување, кое пак е битен предуслов за одржување на фер и демократски избори. Поради тоа, бараме од вас да не се откажувате од вршење на вашата надлежност да го спроведете овој мониторинг.

ТИ-Македонија во рамките на проектот „Мониторинг над трошењето од буџетите и политичките партии во предизборниот и изборниот процес“ утврди дека политичките партии во последните два месеци трошат финансиски средства на интернет огласување, иако Законот за измени и дополнувања на Изборниот законик во чл.82 ст.1 забранува платено политичко рекламирање кај радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите) во периодот од 20 декември 2015 година до денот на почетокот на изборна кампања за предвремените парламентарни избори во 2016 година. Овој вид на огласување важи за најефикасен и најлесно мерлив начин на огласување, па оттука може да се очекува дека политичките партии уште повеќе ќе го користат во идниот период пред и за време на изборите. Со тоа се создава ризик за неконтролирано трошење на изборно медиумско претставување на интернет порталите, вклучувајќи ги оние на социјалните мрежи.

Во Ставот спомнувате и дека Агенцијата никогаш не била критикуван во извештаите на ОБСЕ/ОДИХР од аспект на својата стручност – ниту за методолошката поставеност, ниту за опфатот и реализацијата, ниту за добиените наоди и констатираните прекршувања. Но, имајќи предвид дека овој пат Изборниот законик ве обврзува на мониторинг и на интернет порталите, може да се очекува дека тоа ќе биде нотирано во идните извештаи како недостаток на изборниот процес.

Транспаренси Интернешнел Македонија ги разбира дилемите на Агенцијата во врска со дефиницијата на поимот „интернет портал“ и можноста тие да се доведат во нерамноправен третман, но сметаме дека тоа не смее да биде причина за нивно изоставување од мониторингот. Агенцијата мора своите активности да ги насочи кон изнаоѓање на решение за тоа како да обезбеди надзор над изборното

медиумско претставување и политичките објави на интернет порталите, и да не се повлекува пред пречките кои при тоа се појавуваат, затоа што на тој начин ќе овозможи лесно заобиколување на оваа забрана содржана во Изборниот законик.

Од овие причини бараме од вас да го преиспитате вашиот став во врска со ова прашање и да го вклучите во вашата работа и мониторингот врз изборното медиумско претставување на интернет порталите. Доколку Агенцијата се откаже од надлежноста да врши мониторинг во оваа сфера ќе им овозможи на политичките субјекти да го кршат Изборниот законик со тоа што се рекламираат вон предизборната кампања и со тоа ќе затаи во својата улога на важен субјект во обезбедувањето на услови за фер избори.

Скопје, 28.03.2016 година

Со почит,
Д-р Слаѓана Тасева

Претседател,
Транспаренси Интернешнел Македонија